**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010) и член 20 став 1 од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/2011), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за измени и дополнувања на Одлуката за методологијата за пресметување годишна стапка на вкупните трошоци**
**(„Службен весник на Република Македонија" бр. 152/2011)**

I. Во Одлуката за методологијата за пресметување годишна стапка на вкупните трошоци („Службен весник на Република Македонија", бр. 91/2011) се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Точката 3 се менува и гласи:

„Вкупните трошоци на кредитот, во оваа одлука, се сите трошоци, вклучувајќи камати, провизии, даноци и кои било други надоместоци во врска со договорот за потрошувачки кредит коишто потрошувачот треба да ги плати при одобрувањето и редовната отплата на кредитот и коишто му се познати на кредиторот, освен нотарските трошоци. Трошоците за дополнителни услуги поврзани со договорот за потрошувачки кредит влегуваат во вкупните трошоци на кредитот, доколку користењето дополнителни услуги е задолжително за одобрување на кредитот или за негово одобрување под назначените услови и доколку му се познати на кредиторот."

2. Во точката 8, по ставот 1 се додава нов став 2 којшто гласи:

„При пресметката на СВТ, кредиторот не го вклучува износот на трошоците којшто не му е познат, но е должен тоа јасно да го наведе во Прегледот на паричните текови од главата III од оваа одлука и во формуларот од точката 16 од оваа одлука и истовремено да ги опише овие трошоци.

3. Во точката 11 став 1, зборовите: „номиналната каматна стапка (основната каматна стапка без другите трошоци на потрошувачкиот кредит)", се заменуваат со зборовите: „договорната каматна стапка".

Во ставот 2, зборовите „номиналната (основната)" се заменуваат со зборот: „договорната".

4. Во точката 14 потточка ж), ставот 3 се брише.

5. Во точката 15 ставот 4 се брише, а ставот 5 станува став 4.

6. Во точката 17 се додава нов став 2 којшто гласи:

„Одредбите од оваа одлука коишто се однесуваат на кредиторот, се однесуваат и на кредитниот посредник."

II. Образецот 1, којшто е составен дел на Одлуката за методологијата за пресметување годишна стапка на вкупните трошоци, се заменува со нов Образец 1 којшто е составен дел од оваа одлука.

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**О.бр. 02-15/X-1/2011**
**27.10.2011 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**